Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи ( Сл.Весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), член 3, член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" 27/14,199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19 и 14/20), одредбите од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" 34/15), како и согласно Годишниот план за вработување во Националната установа Национална опера и балет за 2023 година и известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-11998/2 од 26.12.2023 година,Националната установа Национална опера и балет објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 1/2023**

I. **Националната установа Национална опера и балет има потреба од вработување на 4(четири) лица - помошно техничко лица:**

**1.** Едно (1) лице на работно место Друг одговорен сценски работник Машински техничар за општо одржување **,** шифра КУЛ 04 01 А02 007, Сектор сценаска техника,оддел за ППЗ и Безбедност,хигена и општо одржување, единица за општо одржување и хигена

Посебни услови утврдени со закон, за помошно – техничките лица е степенот на образование и тоа: најмалку средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование, двегодишно стручно образование и основно образование.

Степен и вид на образование: Средно стручно образование - машинска струка

**Напомена:** Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година вработувањето е предвидено за:1 Албанец/ка

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува: 35.244,00 денари

**2.** Едно (1) лице на работно место Техничар за тон (техничар за тон и видео) **,** шифра КУЛ 04 05 А01 003, Сектор сценска техника,оддел за сценски работи, единица за тон и видео

Посебни услови утврдени со закон, за помошно – техничките лица е степенот на образование и тоа: најмалку средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование, двегодишно стручно образование и основно образование.

Степен и вид на образование: Средно стручно образование електротехничка, машинска струка, гимназиско

**Напомена:** Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година вработувањето е предвидено за:1 Албанец/ка

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува: 38.763,00 денари

**3.** Две (2) лица на работно место шивач **,** шифра КУЛ 04 05 Б01 003, - Сектор сценска техника,оддел костимирање, единица за шивачки работи

Посебни услови утврдени со закон, за помошно – техничките лица е степенот на образование и тоа: најмалку средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование, двегодишно стручно образование и основно образование.

Степен и вид на образование: Средно образование

**Напомена:** Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година вработувањето е предвидено за:1 Албанец/ка и 1 Турчин/ка

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува: 35.329,00 денари

**II. Сите кандидати треба да ги исполнуваат следниве општи услови**:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

III.Дневното работно време за огласеното работно место е во рамките на 40 часовно работно време, се организира согласно програмата за работа на работодавачот, и се утврдува со распоред на работно време, за кој вработениот се известува преку огласна табла, а по потреба и на други начини.

IV. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работно место.Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од писарницата(архива) на Национална опера и балет или на веб страницата www.operabalet.mk

Кандидатите се должни пријавата да ја потполнат во целост, прецизно и со точни податоци.Со пријавата треба да се достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови.

V.Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

-Уверение за државјанство;
-Уверение за општа здравствена способност за работното место;
-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;

Пополнетите пријави , заедно со прилозите, кандидатите може да ги достават во архивата на Национална опера и балет или по пошта на адреса Национална установа Национална опера и балет, бул.Гоце Делчев бр.4 Скопје (со назнака за „Јавен оглас број 1/2023„)

Право на учество имаат сите граѓани кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Ненавремените и нецелосно потполнети пријави и документација нема да се разгледуваат.По истекот на рокот на пријавување огласот ќе биде отсранет од интернет страната на НУ Национална опера и балет.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас. За кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази, ќе се спроведе интервју..За денот,часот и местото на одржување на интервјуто , кандидатите ќе бидат известени електронски или на телефонскиот број кој ќе го наведат во пријавата за вработување.

Одлуката за избор на кандидати ќе биде објавена на веб страната на установата, на огласна табла на установата и на електронската адреса која кандидатот ја има напишано во пријавата за вработување, со што ќе се смета дека е извршена достава.

Архивски број

04-4951/1 од 28.12.2023

НУ Национална опера и балет